31954

13552,



**ПОВОДИ**



Како до 80 ателјеа?

# »ПТТ«—АТЕЛЈЕА

Неодамна, во аградата на новиот телекомуникационен центар, беше отворена изложба на повеќе уметници, членови на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, организирана во знак на благодарност за бараката со 14 ателјеа, која РО за ПТТ сообраќај „Скопје“ му ја подари на ДЛУМ. Ова е воедно и прва иницијатива од ваков вид, односно една работна организација да се вклучи во решавањето на еден од најбитните проблеми на ликовните уметници, а тоа е немање простор за уметничко творење. Зашто од 220 уметници, членови на ДЛУМ, речиси 80 го немаат решено прашањето на ателје.

Овој проблем со кој, покрај многу други се соочуваат ликовните уметници е секако најбитен, бидејќи без простор каде може нормално да се твори, нема ни уметничко дело. А многу уметници, веќе со години, а некои и со децении се снаоѓаат како знаат и умеат. Работат во ателјеата на своите пријатели уметници, бенито агради долж улицата „Партизански одреди“, повеќе поткровја им беа доделени на уметниците за адаптација во ателјеа. Но од тогаш, ништо повеќе не е направено за решавање и овој проблем. Нормално дека и тогаш голем број уметници останаа без ателјеа, а со време стасуваа и нови генерации уметници, кои уште помалку можеа да си го решат проблемот на простор за творење.

Инаку, во подарената барака, порано беше сместена дирекцијата на поштата. Со изградбата на новата, по иницијативата на ДЛУМ, една од бараките му беше подарена на Друштвото. Овие ателјеа можеби не личат на онакви какви ние обично ги замислуваме, меѓутоа, за оние уметници кои ги добија значат многу. Еден од уметниците кој со оваа акција доби ателје е и скулпторот Боро Крстевски, кој дури по 32 години уметничка дејност, успеа да добие ваков простор. Крстевски е инаку автор на монументалниот споменик на Мавровското езеро, посветен на градителите на браната загинати во лавина. Меѓутоа, како што ни кажа тој самиот, своето дело успеал да го види целосно, дури кога деловите биле составени. Зашто, баш поради немање простор за вајање, целиот споменик морал да го создава во делови, без да знае со сигурност како тие делови како целина ќе изгледаат. И со право овој уметник се прашува, зарем не можеше прашањето со ателјето да биде решено и порано, зашто тогаш сигурно многу повеќе дела ќе излезеа од тоа ателје.

Иницијативата на Работната организација за ПТТ сообраќај секако е за поздравување. Меѓутоа, сигурно е дека во градот постојат уште вакви бараки, кои на работните организации не им служат речиси за ништо. Инаку, ваква акција на доделување на овие простории, во многу наши културни центри во земјата веќе со години се применува.

З. П.